**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-7087/**

# З А П И С Н И К

**Од 265.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 18.12.2024 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**,**Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска **(скајп),** Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Виолета Димеска-Одделение за планирање и реализација на буџет во МРТ.
Горан Атанасов- Директор на заеднички функции и адмнистрација во МРТ

Седницата започна во 15.00 часот.

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Финанасиски план за изменување на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2024 година со дополнување и пренамена на средствата.

2 Разно

**ТОЧКА1:Финанасиски план за изменување на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2024 година со дополнување и пренамена на средствата.**
Горан Атанасов Дир. на заеднички функции, даде вовед за потребата од усвојување на измените на Финансискиот план на МРТ за 2024 година со дополнување и пренамена на средствата, а како причина го наведе зголемувањето на приходите за 2024 година.

Виолета Димеска од Одделението за планирање и реализација на буџет во МРТ даде образложение, за Финанасискиот план за изменување на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2024 година со дополнување и пренамена на средствата.
По воведните излагања се отвори расправа, во која за збор се јави Зам. Претседател на Програмскиот совет Ведат Мемедалија, со прашање колку долгови има МРТ и дали со овој финансиски план може да се покрие долгот и што ќе се плаќа .На ова прашање одговори Дир. на заеднички функции Горан Атанасов и кажа дека со новодобиените средства нема да може да се покрие целиот долг на МРТ, како и дека ќе се плаќаат од постари кон понови побарувања, како и приоритетните како ЕБУ,. ТВ права, струја, вода и други редовни побарувања, освен долг кон Лондоскиот и Парискиот клуб.Претседателката на Програмскиот совет Смилка Јанеска Саркањац смета дека прашањето со Лондонскиот и Парискиот клуб,треба да се префрли на друга институција во РСМ, на што Горан Атанасов рече дека се понудени некои предлози до УЈП и Министерство за финансии, со евентуално пренасочување на очекуваните приходи согласно спогодбата со Министерство за дигитална трансформација.
Во продолжение на расправата Смилка Јаневска Саркањац праша зошто да се плаќа и тоа на начин кој не е во полза на МРТ, а се работи за долг кој е за изградба на зградата на МРТ, а која сега не е целосно во владение на МРТ на што Горан Атанасов рече дека не можно да се избегне плаќање кое е преземено со спогодба во 2012 година. Смилка Јанеска Саркањац упати прашање за заостанати долгови, на што одговор даде Горан Атанасов и реферираше за  долгот кон АД Аеродроми Македонија.Во врска со долгот кон АД Аеродроми Македонија, Ристе Панов и Смилка Јанеска Саркањац прашаа колку досега е платено и уште колку години треба да се плаќа.На ова одговор даде Горан Атанасов, а воедно даде и известување за постапките за имотот на МРТ.Заменик претседател на Програмскиот совет Ведат Мемедалија, праша дали може да се носи одлука без да легнат парите, на што Виолета Димеска одговори дека секогаш се дава план без да легнат парите кои се планирани во буџетот.На прашање на Смилка Јанеска Саркањац каде ќе се трошат парите, Виолета Димеска даде детално по ставки образложение.Ристе Панов упати прашање врзано за трошоците за вода, односно дали сите корисници имаат посебни водомери, на што Виолета Димеска рече дека за трошоците за вода нема префактурирање. За крај Смилка Јанеска Саркањац праша дали членовите на Надзорниот одбор имале забелешки на планот, на што Виолета Димеска одговори дека од нивна страна беше едногласно усвоен, по што Претседателката на Програмскиот совет го стави на гласање предложениот Финансиски план кој беше едногласно усвоен.

**Точка 2 :Разно**
По однос на оваа точка Смилка Јанеска Саркањац извести дека заедно со Ведат Мемедалија биле на Генерална асамблеја на ЕБУ. Воедно тие предложија Македонија да биде поактивна во  ЕБУ, а МРТ за таа цел  од редот на своите вработени одбере вработен кој активно ќе се вклучи во активностите на ЕБУ, а воедно ја подржа иницијативата на МРТ во РСМ да се одржи Конференција на финансиските директори на ЕБУ.
По оваа точка Горан Атанасов рече дека се размислува Генералната асамблеја која треба да се одржи наредната 2025 година да биде во РСМ.

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

Во продолжение на расправата, а водена од искуствата од ЕБУ, Смилка Јанеска Саркањац посочи дека МРТ мора да се модернизира и да ги следи новите трендови во медиумската сфера, да направи нов дигитален сајт, да се работи и на вештачката интелигенција, а не МРТ да остане во 19 век. Особено за последното побара да се извести и Директорот на МРТ.

Седницата заврши во 16.00 часот.

Записничар
Соња Јоксимовиќ

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател